# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2025 ГОДИНА

# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА

# СТРАТЕГИЈАТА ЗА ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ВОДЕЊЕ ФИНАНСИСКИ ИСТРАГИ И КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ ЗА ПЕРИОД 2025 – 2028 СО АКЦИСКИ ПЛАН 2025 – 2026

“Политичката посветеност е моторот што ја движи институционалната реформа и го обезбедува потребниот поттик за надминување на вкоренетите интереси што имаат корист од статус кво”.

*“Корупција и борба против корупцијата: Меѓународен прирачник “(Референтна научна публикација)*

- ## Извршно резиме

Во текот на 2025 година, имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025-2028 година, со Акциски план 2025-2026 година покажува **умерен напредок**, со јасно изразена разлика помеѓу **нормативниот развој** и **оперативната имплементација**. Донесени се или се во напредна фаза клучни законски и подзаконски решенија усогласени со **Директивата (ЕУ) 2024/1260**, но нивната практична примена е ограничена поради **недостаток на кадар, финансиски ресурси и ИТ-капацитети.**

**I. Пронаоѓање и следење на незаконски стекнат имот**

**Статус: претежно во тек**

Забележан е напредок во подготовка на **стандардни оперативни процедури (СОП)** и спроведување обуки, вклучително и со меѓународна поддршка. Сепак, клучните предизвици остануваат:

- ниска кадровска пополнетост (особено во Управата за финансиска полиција),
- нецелосна функционалност на **АРО Канцеларијата**,
- доцнење во воспоставување на **Електронската интегрирана база на податоци.**

**II. Привремено обезбедување и конфискација**

**Статус: нормативно напреднато, оперативно ограничено**

Изработени се работни верзии на новиот **Закон за кривична постапка** и кореспондентни табели за усогласување со ЕУ-стандардите. Сепак:

- недостасуваат **финансиски експерти и аналитичари во Јавното обвинителство**,
- специјализираните капацитети во УФП функционираат со ограничен кадар.

**III. Управување со одземен и конфискуван имот**

**Статус: делумно реализирано**

Агенцијата за управување со одземен имот (АУОИ) работи на зајакнување на правната рамка, внатрешната организација и меѓуресорската координација. Главни предизвици се:

- недоволно финансиско и кадровско зајакнување,
- потреба од подобрување на системите за чување, проценка и продажба на имот,
- сè уште нецелосно воспоставен механизам за **социјална пренамена**.

**IV. Спроведување и мониторинг на Стратегијата**

**Статус: во тек**

Иницирани се активности за воспоставување на Национален совет за финансиски истраги и конфискација и Национална комисија за финансиски истраги и конфискација. Решенијата се објавени во Службен весник, а за месец февруари 2026 година е закажана конститутивна седница на Националниот совет. Сепак, мониторинг-системот сè уште не е целосно операционализиран, а дел од активностите зависат од донаторска поддршка.

**Клучни заклучоци**

- Стратегијата е добро поставена и усогласена со ЕУ, но имплементацијата е ограничена,
- Кадровските и финансиските капацитети се најкритичната слабост,
- Потребна е поголема институционална одговорност и меѓуресорска координација.

**Клучни препораки**

1. Итно зајакнување на кадровските капацитети (финансиски истражители, аналитичари),
2. Целосна операционализација на електронските бази и мониторинг механизмите.

- ## Вовед

Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење на финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025-2028 со Акциски план 2025 - 2026 се надоградува над претходно донесените стратегии во оваа област[1]. Заедничка визија на досега донесените стратегии е градење на ефикасен институционален одговор на нашата држава за успешно одземање на незаконски стекнатиот имот.

На подготовката на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025-2028 година, со Акциски план 2025-2026 година и претходеше процес на спроведување на евалуација на Стратегијата 2021-2023 од страна на независен експерт.

Експертот во Извршното резиме на Евалуацијата има нотирано дека:

“Врз основа на извршените интервјуа со клучните засегнати страни, севкупната оценка во однос на структурата и имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021-2023 со Акциски план е позитивна, како во однос на нејзината сеопфатност, така и во однос на нејзината релевантност. Генерално мерките кои биле проектирани во Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021-2023 и Акцискиот план ја постигнале својата цел која може да се согледа во континуирано зголемување на бројот на спроведени финансиски истраги и зголемување на вредноста на конфискуваниот имот. Нејзината имплементација придонесе кон зголемување на свесноста за потребата од поинтензивни активности на сите релевантни институции во идентификацијата на нелегално стекнатиот имот и имотна корист, преземање мерки за негово обезбедување и подоцнежна конфискација. Инклузивноста на сите релевантни институции овозможи креирање на ефикасен национален одговор кој мора да се надоградува преку новата стратегија и соодветниот Акциски план. Воспоставувањето на Националната комисија е еден од клучните достигнувања во спроведувањето на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021-2023 со Акциски план и главен двигател во реализацијата на утврдените цели и активности. Во текот на изминатите 3 години, Националната комисија успеа да се етаблира како координативно тело кое обезбедува меѓусекторски пристап во имплементацијата, но и систематски мониторинг и евалуација. Ефикасното функционирање на Национална комисија е гарант за одржливост на процесот, како во однос на поддршката на институциите во исполнување на утврдените активности, така и во обезбедување на финансиски средства за нивна реализација (странски донации и сл). Во однос на степенот на имплементација, генерална констатација е дека Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021-2023 со Акциски план е делумно имплементирана”

Следствено, Владата на Република Северна Македонија на својата седумнаесетта седница одржана на 23 април 2024 година ја разгледа и усвои Информацијата за потребата од изготвување на Стратегија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот 2025-2028 со Акциски план 2025-2026 година, со заклучок да се формира меѓуресорска работна група која ќе ја изготви наведената стратегија.

Обврската за донесување на новата стратегија е утврдена и во Патоказот за владеење на правото, како една од мерките која ќе придонесе кон јакнење на капацитетите на институциите во борбата против организираниот криминал.

[1] Стратегија за јакнење на капацитетите за водење на финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2018-2020 и Стратегија за јакнење на капацитетите за водење на финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021 - 2023

При утврдување на структурата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот 2025-2028 со Акциски план 2025-2026 година следена е “Методологијата за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии “ како и насоките од “Упатството за структурата, содржината и начинот подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и меѓусекторските стратегии“ усвоени од Владата на РСМ на 25 мај 2022 година.

Изготвувањето на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот 2025-2028 со Акциски план 2025-2026 година беше подржано од страна на ГИЗ Скопје во рамки на Глобалната програма за справување со нелегални финансиски текови.

Основата на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот 2025-2028 со Акциски план 2025-2026 година се ефикасни, транспарентни и отчетни институции, при што меѓу-институционалната координација и соработка е важен предуслов за нивна функционалност. Од тие причини, јакнењето на капацитетите на институциите, промовирање на меѓу институционална соработка беа во фокусот при дизајнирање на мерките во секоја од приоритетните области. Дополнително, универзалните стандарди формулирани во меѓународните конвенции и правото на ЕУ што се однесуваат на одземање на незаконски стекнатиот имот, како и стандардите што треба да ги исполни нашата држава за членство во ЕУ, се инкорпорирани во мерките кои во наредниот 4-годишен период треба да бидат преземени од релевантните институции.

Правната рамка која е интегрален дел од секоја приоритетна област треба да го доближи националното законодавство до правото на ЕУ. Но, законите се онолку добри колку е добра нивната имплементација. Од тие причини, единствено професионални, обучени кадри, кои се основна движечка сила на процесот можат да ги имплементираат законските решенија и да испорачаат конкретни резултати. За таа цел, зајакнатите критериуми при избор на кадар и обезбедувањето на континуирана, специјализирана обука креирана согласно потребите на институциите се императив во секоја од приоритетните области на оваа стратегија.

Ефикасен систем за конфискација на имот и имотна корист со видливи и мерливи резултати во борбата против организираниот криминал и корупцијата, преку изградени капацитети за пронаоѓање, идентификација и следење на незаконски стекнатиот имот во земјата и странство, негово навремено обезбедување, одземање и управување, е утврдената визија на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025–2028 со Акциски план 2025–2026, која Владата ја усвои на својата 84-та седница одржана на 17 јуни 2025 година.

Основата на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025 – 2028 со Акциски план 2025 – 2026 се ефикасни, транспарентни и отчетни институции, при што меѓуинституционалната координација и соработка е важен предуслов за нивна функционалност. Целите и мерките утврдени во овој стратешки документ се синхронизирани со значајни стратешки документи усвоени од Владата на РСМ како што се:

- Национална развојна стратегија 2024 – 2044
- Развојна секторска стратегија за правосудство (2024-2028)
- Национална стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризмот (2021-2024)
- Стратегијата на ЕУ за борба против организиран криминал 2021-2025
- ЕУ Акциски план за борба против трговијата со дрога и организираниот криминал и други

Конфискацијата на незаконски стекнатиот имот и имотна корист е повеќедимензионален комплексен процес што се состои од повеќе посебни фази, но меѓусебно условени во кои се вклучени повеќе институции.

Следејќи ги фазите на постапката за поврат на имот Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025 – 2028 со Акциски план 2025 – 2026 ги разработува следните приоритетни области:

(1) Пронаоѓање, идентификување и следење на незаконски стекнатиот имот и имотна корист во земјата и странство;

(2) Привремено обезбедување и конфискација на имот и имотна корист и

(3) Ефикасно управување со одземениот и конфискуваниот имот, вклучително и негова повторна употреба за социјални цели.

Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025 – 2028 со Акциски план 2025 – 2026 ја зајакнува институционалната структура за координација и следење на зацртаните цели во оваа стратегија. Во таа насока, покрај Националната комисија за финансиски истраги и конфискација на имот која е највисоко експертско тело, се предвидува и дополнителна карика која ќе го претставува врвот во структурата за координација: Национален совет за финансиски истраги и конфискација на имот.

Кабинетот на Заменик претседателот на Влада задолжен за политики за добро владеење ја има клучната улога во утврдениот систем за координација и следење на целите на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025–2028 со Акциски план 2025–2026.

Во таа насока, Владата на седницата одржана на 9 септември 2025 година ја потврди заложбата за борба против организираниот криминал и корупција и ја истакна политичката поддршка, донесувајќи Одлука за формирање на Национален совет за финансиски истраги и конфисакција на имот (Службен весник на РСМ бр. 188 од 10.09.2025 година). Со ова тело се зајакнува институционалната рамка за спроведување, следење, оценување и известување. Националниот совет има за цел на политичко ниво да обезбеди мониторинг и евалуација на спроведувањето на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025–2028 со Акциски план 2025–2026 и со него претседава Заменик претседателот на Влада задолжен за политики за добро владење.

Дополнително, Владата на седницата одржана на 28 октомври 2025 година, донесе Решение за назначување на претседател, заменик претседател, членови, заменици-членовии и секретар на Националната комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025–2028 со Акциски план 2025 – 2026 (Службен весник на РСМ, бр.222 од 30.10.2025 година)

Претседателот, заменик претседателот и секретарот на ова тело се именувани од КЗПВРСМ задолжен за политики за добро владеење.

- ## Резиме на постигнати резултати

Извештајот за степенот на реализација на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025–2028, со Акциски план 2025–2026, е изготвен со цел да се прикаже напредокот во имплементацијата на предвидените мерки и активности за периодот јануари–декември 2025 година.

Пристапот кон подготовката на овој извештај е условен од специфични околности поврзани со пролонгираното усвојување на овој стратешки документ, како и од задоцнетото донесување на Решенијата за формирање на Националниот совет и Националната комисија за финансиски истраги и конфискација на имот. Имајќи ја предвид оваа состојба, во периодот на изготвување на извештајот не беа воспоставени редовните механизми за координација и следење на имплементацијата предвидени со Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025–2028, со Акциски план 2025–2026.

Поради наведеното, прибирањето на податоците за степенот на реализација на Акцискиот план за периодот јануари–декември 2025 година беше спроведено по пат на електронска пошта, со упатување на барања до надлежните институции и носители на активности, кои доставија информации во рамки на своите институционални надлежности. Податоци доставија: Основно јавно обвинителство Скопје, Обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Управа за финансиска полиција, Царинска управа, Управа за финансиско разузнавање, Академија за судии и јавни обвинители, Основен кривичен суд Скопје, Судски совет на Република Северна Македонија, Канцеларија за поврат на имот и Агенција за управување со одземен имот. Значајно е да се напомене дека со оглед на фактот што Годишниот извештај за работата на Агенцијата за управување со одземен имот за 2025 година е во тек на изработка и истиот ќе биде усвоен во февруари 2026 година од страна на Управниот одбор, резултатите нотирани во овој Извештај од оваа институција се за периодот 01 јануари 2025 до 30 јуни 2025 година.

Добиените податоци претставуваат основа за изработка на овој извештај и овозможуваат прелиминарен преглед на степенот на имплементација на активностите, при што е земено предвид дека дел од предвидените механизми за институционална координација ќе станат функционални по целосното воспоставување на Националниот совет и Националната комисија за финансиски истраги и конфискација на имот.

Во овој извештај се нотирани само реализираните активности од Акцискиот план од страна на надлежните институции но, поради фактот дека не се добиени податоци од сите засегнати чинители и сеуште не е подготвена Методолгијата за следење на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025–2028, со Акциски план 2025–2026 и прибирање на податоци ќе изостане сумарниот процент на степенот на имплементација за 2025 година.

Во продолжение преглед на степен на имплементација по приоритетни области:

## I. ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ - Пронаоѓање, идентификување и следење на незаконски стекнатиот имот и имотна корист во земјата и странство

**Општа цел** - Подобрена функционалност на институциите за пронаоѓање, идентификување и следење на незаконски стекнатиот имот и имотна корист во земјата и странство.

### 1. Преглед на реализација

Во рамки на оваа приоритетна област, во текот на 2025 година се спроведуваат активности насочени кон зајакнување на правната рамка, институционалните капацитети, обуките и меѓуресорската и меѓународната соработка во областа на финансиските истраги и повратот на имот.

Реализацијата е **со варијации**, при што најголем напредок е забележан кај:

- законодавните и нормативните активности,
- обуките со меѓународна поддршка.

Најголеми предизвици се евидентирани кај:

- кадровската пополнетост,
- материјално-техничката опременост,
- целосната функционалност на АРО Канцеларијата.

**Мерка 1.1.1 – Подобрување на правната рамка и обуки**

**Активност 1.1.1-2 – Донесување на Стандардна оперативна процедура (СОП) за водење финансиски истраги и обука**

**Статус:** 🟡 Во тек

**Опис на реализацијата:**

Јавното обвинителство со поддршка на GIZ има изготвена нацрт-верзија на Стандардна оперативна процедура (СОП) за водење финансиски истраги за јавните обвинители кој сѐ уште не е формално усвоен. Исто така и Канцеларијата за поврат на имот (АРО) има изработено нацрт-верзија на СОП и подзаконски акти кои сѐ уште не се формално усвоени.

Во текот на 2025 година, Академијата за судии и јавни обвинители има спроведено обуки за финансиски истраги приложени во табелата:

| Тема | Вид на настан | Датум на одржување ОД | Датум на одржување ДО | Област | Под Област | Соработка | Судии | Јавни Обвинители | Службеници | Други | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Финансиски истраги - конфискација без пресуда 29-30.1.2025 | Советување | 1/29/2025 | 1/30/2025 | Кривично | ЗКП | Совет на Европа - Хоризонтална програма | - | 1 | - | - | 1 |
| Закон за конфискација на имот во граѓанска постапка 13.2.2025 | Работен состанок | 2/13/2025 | 2/13/2025 | Граѓанско/Кривично | Општи теми | самостојно | 8 | 3 | - | 9 | 20 |
| Финансиски истраги - конфискација без пресуда 24-25.2.2025 | Советување | 2/24/2025 | 2/25/2025 | Кривично | ЗКП | Совет на Европа - Хоризонтална програма | - | 1 | - | - | 1 |
| Примена на Законот за конфискација на имот во граѓанска постапка 23.4.2025 | Советување | 4/23/2025 | 4/23/2025 | Граѓанско/Кривично | ГРАЃАНСКО | самостојно | 11 | 4 | 3 | 9 | 27 |
| Финансиски истраги - конфискација без пресуда 9-11.7.2025 | Советување | 7/9/2025 | 7/11/2025 | Кривично | ЗКП | Совет на Европа - Хоризонтална програма | 6 | 3 | - | 8 | 17 |

**Идентификувани пречки:**

Процедурата за усвојување на СОП-от на Јавното обвинителство не е финализирана.

**Следни чекори:**

Формално усвојување на СОП и негово хармонизирање со СОП-овите на Министерство за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција и Царинската управа.

**Активност 1.1.1-3 – Ревидирање на Стандардно оперативните процедури (СОП-ови)**

**Статус:** 🔴 Не е започнато

**Опис на реализацијата:**

Ревидирањето на постојните СОП-ови не е започнато, поради потребата претходно да се усвои СОП-от на Јавното обвинителство.

**Активност 1.1.1-7 – Измени на Законот за девизно работење**

**Статус:** 🟠 Делумно реализирано

**Опис на реализацијата:**

Царинската управа извести дека Законот за девизно работење е донесен во февруари 2025 година. Следен чекор би бил донесување на Одлуката за условите и висината на износот на ефективните странски пари и чекови кои може да се внесуваат и изнесуваат од Република Северна Македонија.

**Мерка 1.1.3 – Подобрување на функционалноста на единиците за финансиски истраги**

**Статус:** 🟡 Во тек

**Опис на реализацијата:**

Извршена е анализа која покажува дека Управата за финансиска полиција има пополнетост од 34,02% од систематизираните работни места, односно од 144 работни места, пополнети се 49 работни места, со 66 извршители. Материјално-техничката опременост во Управата за финансиска полиција во овој момент ги задоволува потребите за пополнетите работни места, но доколку би се зголемил бројот на вработени Управата ќе има потреба од дополнителни набавки на опрема, особено во делот на компјутери, принтери скенери, лиценци за софтвери и канцелариски мебел.

Царинската управа континуирано подготвува анализи за потребната техничка опременост, во тек е промена на Актот за систематизација како и анализа на можностите за предвидување посебни додатоци на плата за вработените во единиците за водење на финансиски истраги.

Заклучно со декември 2025 година вработени од Јавното обвинителство и Управата за финансиска полиција не учествувале на меѓуинституционални обуки за водење на финансиски истраги според изготвена наставна програма за основно и напредно ниво. Во текот на 2024 и 2025 година 4 лица вработени во Управата за финансиска полиција учествувале на 4 обуки и тоа:

-"Financial investigations-Non-convictions based confiscation, Internacional developments and national legislations" (I) организиран од Council of Europe Programme Office in Skopje

-"Financial investigations-Non-convictions based confiscation, Internacional developments and national legislations" (III) организиран од Council of Europe Programme Office in Skopje
-"Financial investigative Techniques for transnational crime&money laundering" организиран од U.S.Department of Treasury
-Вовед во финансиски истраги организирана од OSCE.

**Клучен ризик:**
Недоволна кадровска пополнетост директно го ограничува спроведувањето на финансиските истраги.

**Мерка 1.2.1 – Правна рамка за функционирање на АРО**
**Активност 1.2.1-1 – Усогласување со Директивата (ЕУ) 2024/1260**
**Статус:** 🟡 Во тек

**Опис на реализацијата:**
Изготвена е работна верзија на кореспондентна табела. Главниот проблем не е нормативен, туку недостиг на финансиски средства за кадровско и техничко зајакнување на АРО.

**Мерка 1.2.3 – Меѓуресорска координација**
**Статус:** 🟠 Делумно реализирано

**Опис на реализацијата:**
Канцеларијата за поврат на имот (АРО) во текот на 2025 година има отворени 173 предмети кои се однесуваат на барања од мрежата Карин, Сребрена потерница, барања од Управата за финансиска полиција, барања од Основните јавни обвинителства за проверка на имот, како и барања од странски држави.

Управата за финансиско разузнавање (УФР) заклучно со декември 2025 година има добиено 10 барања од Канцеларијата за поврат на имот (по примена сребрена потерница) и на сите барања имаат одговорено. Не сите институции, по примерот на УФР имаат назначено контакт лица за постапување по барања од АРО Канцеларијата.

Управата за финансиска полиција во 2024 година има склучено Меморандум за меѓусебна соработка со следните институции:
Економски факултет- Скопје, Институт за бизнис и менаџмент ХАЈДЕЛБЕРГ Скопје, Државна комисија за спречување на корупцијата, Правен факултет „Јустинијан Први", Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини-Биро за метрологија, Министерство за финансии-Биро за јавни набавки и Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Управата за финансиска полиција во 2025 година има склучено Меморандум за меѓусебна соработка со следните институции:
Централен регистар на РСМ, Клириншка куќа- Клириншки интербанкарски системи АД Скопје, Комисија за заштита на конкуренцијата, Нотарска комора на РСМ, Агенција за цивилно воздухопловство, Меѓународно полициско здружение-ИПА Македонија, Меморандумот за соработка НБРМ УЈП УФП и МВР.

Во текот на 2024 година од Канцеларијата за поврат на имот, до Управата за финансиска полиција биле доставени 2 Барања за податоци, додека во текот на 2025 година, заклучно со месец декември бројот на доставени Барања за податоци изнесува 21.

Од страна на Управата за финансиска полиција, Сектор за конфискација на имот во граѓанска постапка до АРО канцеларијата (Канцеларија за поврат на имот) во текот на 2024 година биле доставени 2 Барања за податоци, додека бројот на доставени Барања за податоци заклучно со декември 2025 година изнесува 4.

Во овој момент Управата за финансиска полиција нема назначено контакт лица за АРО канцеларијата (Канцеларија за поврат на имот). По добиените Барања за податоци во 2024 и 2025 година постапуваат сите овластени лица од Управата за финансиска полиција.

**Мерка 1.2.4 – Електронска интегрирана база на податоци**
**Статус:** 🔴 Не е започнато

**Опис на реализацијата:**
Сè уште не се обезбедени финансиските средства за имплементација на софтверското решение, иако е планирано национално кофинансирање и ИПА 3 поддршка.

Значајно е да се напомене дека Канцеоларијата за поврат на имот во тек спроведува постапка за јавни набавки за техничко опремување.

**Мерка 1.2.5 – Обезбедување пристап до другите бази на податоци во земјата**
**Статус:** 🟠 Делумно реализирано

**Опис на реализацијата:**
Основно јавно обвинителство Скопје заклучно со декември 2025 година има склучено договори за електронска размена на податоци со МВР, во поглед на сите бази на податоци, со Централниот регистар на РСМ, со Агенцијата за вработување на РСМ, со Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ и со Врховниот суд на РСМ, по однос на податоците коишто се однесуваат на казнената и кривичната евиденција на лицата.

Во моментов ОЈО Скопје е во фаза на преговори за склучување на договори за електронска размена на податоци со Нотарската комора на РСМ и со Македонската Банкарска Асоцијација.

Во ОЈО Скопје операционализирани, односно во функција се сите горенаведени договори за електронска размена на податоци, коишто веќе се склучени.

## II. ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ - Привремено обезбедување и конфискација на незаконски стекнатиот имот

**Општа цел** - Понатамошно зајакнување на капацитетите и ефикасноста на клучните институции надлежни за привремено обезбедување и конфискација на незаконито стекнат имот.

### 1. Преглед на реализација

Во рамки на оваа приоритетна област е забележан **напредок во нормативните активности**, особено во делот на усогласување со Директивата (ЕУ) 2024/1260 и подготовка на нови законски решенија. Сепак, **оперативната примена и кадровското јакнење** остануваат сериозен предизвик.

**Посебна цел 2.1 - Унапредување на примената на мерките за привремено обезбедување и конфискација**

**Мерка 2.1.1 – Подобрување на правната рамка**
**Активност 2.1.1-1 – Донесување на нов Закон за кривична постапка**
**Статус:** 🟡 Во тек

**Опис на реализацијата:**
Изготвена е работна верзија на Законот за кривичната постапка, заедно со кореСподентни табели.

**Следни чекори:**
Министерството за правда да ја достави целосната документација поврзана со работната верзија на законот да бидат доставени на мислење до Европската Унија. По завршување на консултативната постапка би следувало усвојување на Законот.

**Активност 2.1.1-3 – Усогласување со Директивата (ЕУ) 2024/1260**
**Статус:** 🟢 Реализирано

**Опис на реализацијата:**
Подготвена е кореСподентна табела и одредбите од Директивата се транспонирани во работните верзии на новиот Кривичен законик и работната верзија на Законот за кривичната постапка.

**Мерка 2.1.2 – Јакнење на капацитетите на Јавното обвинителство**
**Активност 2.1.2-2 – Обезбедување присуство на финансиски експерти или аналитичари во ЈО**
**Статус:** 🔴 Не е започнато

**Опис на реализацијата:**
Во ОЈО Скопје сè уште не е обезбедено присуство на финансиски експерти или аналитичари.

**Активност 2.1.2-4 – Измена и дополнување на Правилникот за оценување на работата на јавните обвинители**

**Статус:** 🟠 Делумно реализирано

**Опис на реализацијата:**

Активноста е условена од донесувањето на новиот Закон за јавно обвинителство, по што ќе следи изработка на нови подзаконски акти.

**Посебна цел 2.2 - Воспоставување функционален систем на конфискација на имот во граѓанска постапка**

**Мерка 2.2.1 – Формирање специјализиран оддел во УФП**

**Статус:** 🟠 Делумно реализирано

**Опис на реализацијата:**

Во Управата за финансиска полиција постои Одделение за финансиски истраги во рамки на Секторот за интегрирани финансиски истраги. Процентот на пополнетост на систематизираните работни места во Одделението за финансиски истраги е 60, односно од 5 работни места пополнети се 3 работни места со вкупно 4 извршители. Сепак, поради недостиг од кадар и зголемен обем на работа, одделението не функционира исклучиво како специјализирана единица за конфискација на имот во граѓанска постапка.

**Мерка 2.2.2 – Упатства за јавните обвинители**

**Статус:** 🟡 Во тек

**Опис на реализацијата:**

Во ОЈО Скопје е во тек изработка на Упатство за постапување на јавните обвинители во постапките за конфискација на имот во граѓанска постапка. Финализирањето на оваа мерка е условена и од донесување на Измените и дополнувањето на Законот за конфискација на имот во граѓанска постапка.

**III. ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ - Управување со одземениот и конфискуван имот, вклучително и негова повторна употреба за социјални цели**

**Општа цел** - Зачувување и одржување на вредноста на привремено одземен и конфискуван имот.

**Посебна цел 3.1 - Зајакнување на капацитетите и поголема ефикасност на Агенцијата за управување со одземен имот (АУОИ)**

**Мерка 3.1.1 – Правна рамка**
**Статус:** 🟡 Во тек

**Опис на реализацијата:**
Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, во надлежност на Министерството за правда, го донесе Собранието на 13 март 2024 година (Службен весник на РСМ бр.64 од 19.03.2024). Согласно надлежностите на АУОИ во тек е подготовка и донесување подзаконски акти. Дел од активностите зависат од донаторска поддршка.

**Мерка 3.1.2 – Кадровско и техничко зајакнување**
**Статус:** 🟠 Делумно реализирано

**Опис на реализацијата:**
Агенцијата за управување со одземен имот е дел од спроведувањето на Реформската агенда и Планот за раст, кои претставуваат клучни стратешки инструменти за унапредување на институционалната ефикасност, јакнење на владеењето на правото и усогласување со европските стандарди. Во рамки на овие процеси, посебен фокус е ставен на зајакнување и рационализација на човечките ресурси, како предуслов за ефективно извршување на законските надлежности и новите обврски кои произлегуваат од усогласувањето со правото на Европската Унија. Во рамки на спроведувањето на Реформската агенда и Планот за раст, Агенцијата за управување со одземен имот презеде систематски и фазни чекори во насока на зајакнување и рационализација на човечките ресурси, засновани на функционална анализа и усогласување со новите законски и ЕУ обврски.

Во однос на чекорот поврзан со кадровската екипираност, почетната состојба на Агенцијата предвидуваше 79 систематизирани работни места, од кои во текот на 2025 година беа пополнети 39 работни места. Во истиот период евидентирано е едно пензионирање, реализирани се четири нови вработувања, додека едно вработување е во тек на огласна постапка.

Во мај 2025 година изработен е Извештај од функционална анализа со која се оценети:

- постојаната организациска структура
- распределбата и пополнетоста на работните места, реалниот обем на работа и функционалната оправданост на позициите.

Следствено, во месец јануари 2026 направена е ревизија на функционалната анализа односно "Идентификување на работните места за реорганизација на секторите согласно деталните наоди и препораки од Извештајот на функционалната анализа на Агенција за управување со одземен имот".

Врз основа на наодите, во јануари 2026 година е изработен ревидиран документ за идентификација на работни места, со кој:

• се намалува бројот на систематизирани работни места од 79 на 65,
• се елиминираат суфицитни, дуплирани и нефункционални позиции,
• се задржуваат клучни позиции директно поврзани со основната мисија на Агенцијата.

Со цел понатамошно јакнење на институционалните капацитети, во јануари 2026 година е добиена согласност за Годишниот план за вработување за 2026 година, со кој е предвидено вработување на уште 18 лица. Реализацијата на овие вработувања е планирана да се спроведе во рамки на предвидениот грејс период, со што ќе се обезбеди постепено, одржливо и функционално пополнување на клучните работни позиции.

Со наведените активности, Агенцијата создава реална основа за исполнување на целите од Реформската агенда и Планот за раст, обезбедувајќи балансиран пристап помеѓу квантитативно пополнување на работните места и квалитативно зајакнување на стручните капацитети, со јасна временска рамка и одржлив институционален развој.

**Мерка 3.1.6 – Меѓуресорска координација**
**Статус:** 🟡 Во тек

**Опис на реализацијата:**
Иако е планирано формирање меѓуресорска работна група за подобра координација во управувањето со одземен имот, во текот на 2025 година Агенцијата има воспоставено ефикасна и професионална меѓуресорска координација што резултира со следниве успешни активности:

- **Правосилни / Конечни пресуди**

Во таргет периодот Агенцијата има постапувано по вкупно 1,212 пресуди и правосилно има одземено имот по следниве категории:

| Категорија | Број на пресуди |
|---|---|
| Конфискација на противправно стекната имотна корист | 30 |
| Конечно одземени парични средства | 23 |
| Возила | 95 |
| Цигари, тутун и алкохол | 15 |
| Оружје, муниција и експлозиви | 86 |
| Разна стока | 367 |
| Наркотици и психотропни супстанци | 591 |
| Археолошки артефакти | 2 |
| Благородни метали | 2 |
| Недвижен имот | 1 |
| **Вкупно** | **1.212** |

**Анализа**

- Најзастапена категорија се наркотици и психотропни супстанци (48,8%), што укажува на силна репресија кон кривични дела поврзани со дрога.
- Возилата и оружјето заедно учествуваат со околу 15%, што упатува на високо ниво на организиран криминал и прекршочни активности.
- Недвижниот имот е редок, но со висока вредност и институционално значење.

○ **Привремено одземени предмети**

Агенцијата има постапено по вкупно 443 одлуки за привремено одземени предмети и тоа:

| Категорија | Број на одлуки |
|---|---|
| Парични средства | 24 |
| Возила | 67 |
| Цигари и тутун | 72 |
| Оружје | 33 |
| Разна стока | 230 |
| Наркотици | 12 |
| Благородни метали | 2 |
| Животни | 3 |
| **Вкупно** | **443** |

**Анализа**

- Разната стока (52%) доминира кај привремените одземања.
- Високиот број на цигари/тутун и возила укажува на континуирани царински и прекршочни постапки.
- Ниското учество на наркотици значи дека тие релативно брзо преминуваат во фаза на правосилност.

○ **Финансиски ефекти**

| Основа | Износ |
|---|---|
| Наплатена конфискација (денари) | 45.622.034 |
| Конечно одземени парични средства | 65.857 € + 1.402 $ + 8.460 CHF |
| Привремено одземени парични средства | 262.539 € + 51.860 ден. + 5.611 $ + 7.900 £ |

**Анализа**

- Конфискацијата директно придонела со над 45,6 милиони денари во Буџетот на РСМ.
- Високите износи на привремено одземени средства претставуваат потенцијален иден фискален прилив.

- **Продажба на возила (јавно надавање)**

  ***Реализирана продажба на возила***

| Вид на наддавање | Број на возила | Вкупен износ (денари) |
|---|---|---|
| Прво јавно наддавање | 15 | 5.287.101 |
| Второ јавно наддавање | 9 | 1.940.229 |
| **Вкупно** | **24** | **7.227.330** |

***Распределба на средствата***

| Корисник | Процент | Износ (денари) |
|---|---|---|
| Буџет на РСМ | 93% | 6.720.417 |
| Агенција за управување со одземен имот | 7% | 506.913 |
| **Вкупно** | **100%** | **7.227.330** |

Дополнително во периодот од 01 јули 2025 до 08 август 2025 година Агенцијата има објавено 2 огласи за продажба со јавно надавање и тоа:

| Тип на оглас | Број на предмети | Резултат |
|---|---|---|
| Недвижности | 5 | Успешно реализирана продажба |
| Подвижни предмети (хаварисани возила -со третман на отпаден материјал) | 384 | Објавен Оглас |

**Анализа**

- Најголем дел од средствата (93%) директно го зајакнуваат државниот буџет.
- Придобивките од имплементацијата на претходната Стратегија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021-2023 со Акциски план се презентираат преку вратените 506,913 денари во Буџетот на Агенцијата, процент на мотивација на институциите задолжени за спроведување на финансиска истрага и конфискација на имот.

- **Отстапен имот - возила**

  ***Отстапени возила на институциите***

| Институција | Број на возила |
|---|---|
| Министерство за внатрешни работи (МВР) | 9 |
| ЈП „Македонија пат“ | 3 |
| **Вкупно** | 12 |

**Анализа**

- Отстапувањето на возила ја зголемува оперативната ефикасност на јавните институции.
- Најголем корисник е МВР, што е оправдано поради оперативните потреби и теренска работа.

- **Управување со одземен подвижен имот**

  ***Примени предмети на чување***

| Категорија | Број на предмети |
|---|---|
| Возила | 95 |
| Цигари / тутун | 15 |
| Оружје и муниција | 86 |
| Разна стока (мобилни, текстил, козметика, алати и сл) | 367 |
| Наркотици (складирање до уништување) | 591 |
| Артефакти и метали | 4 |
| **Вкупно** | 1.158 |

**Анализа**

- Најголем удел имаат наркотични средства (51%), што укажува на потреба од континуирани активности за безбедно уништување.
- Значителната количина разна стока бара просторни и логистички капацитети за складирање.

- **Уништување на одземени наркотични droги, психотропни супстанции и прекурзори, одземено оружје, муниција, експлозивен материјал и друг одземен имот**

Во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година од страна на Агенцијата за управување со одземен имот извршени се вкупно 3 уништувања на одземени предмети кои не можат да се продадат поради здравствени, ветеринарни, фитосанитарни или безбедносни причини, како и поголема количина на тутунски, алкохолни и други производи за кои не постои декларација или се фалсификати и истите согласно чл.71 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, задолжително се уништуваат.

Извршено е уништување на следната разна стока: храна, акцизна стока (цигари, тутун, алкохол), текстил и лекови и уништена е вкупна количина од 75,06 тони.

- **Одлуки за предавање на одземен недвижен имот (дивоградби)**

Од страна на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот донесени се 40 (четириесет) одлуки за предавање на одземен недвижен имот на повеќе општини (дивоградби) кои недвижни имоти се одземени со правосилни пресуди на судовите на Република Северна Македонија во корист на Република Северна Македонија и тоа:

Согласно член 66 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/24, 37/25, 86/25,101/25 и 135/25), Агенцијата по предлог на Управниот одбор врз основа на одлука на Владата на Република Северна Македонија го предава на единицата на локална самоуправа на нејзина натамошна надлежност. Единицата на локална самоуправа е должна да поведе постапка истиот имот да го легализира или да го урне во рок од шест месеци од приемот. Доколку имотот се легализира, единицата на локална самоуправа има право да стопанисува со недвижноста согласно со одлука на Владата на Република Северна Македонија.

- **Постапување со конфискувани хартии од вредност, електронски пари и удели**

Во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.20205 година од страна на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот на седница одржана на 14.05.2025 година донесени се 9 одлуки за продажба на акции кои се во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот и истите се доставени до Владата на Република Северна Македонија за добивање на согласност за продажба.

**Мерка 3.1.8 - Обезбедување поголема транспарентност во работата на АУОИ**
**Статус:** 🟡 Во тек

**Опис на реализацијата:**

Иако е направен позитивен исчекор со воспоставување на нова веб-страница, неопходни се дополнителни подобрувања со цел зголемување на видливоста на настаните и информациите од јавен интерес.

**Посебна цел 3.2 - Социјална пренамена на конфискуван имот**
**Статус:** 🟡 Во тек

**Опис на реализацијата:**

Врз основа на добри пракси Агенцијата во тек подготвува подзаконски акт за воспоставување на механизам за социјална пренамена. Во текот на 2025 година евидентирани се следниве резултати:

- **Отстапена стока со социјална пренамена**
  ***Социјална реупотреба на стока и имот***

| Тип на стока/имот | Корисници | Локации |
|---|---|---|
| Лесно расиплива стока и животни | Училишта, болници, затвори, градинки, центри за социјални работи | Гевгелија, Куманово, Прилеп, Идризово, Струмица, Негорци |
| Конфискуван трактор ИМТ 533 | СОУ „Цар Самоил“, Општина Ресен | Ресен |

**Анализа**

- Поддржани се над 15 институции, со директно влијание врз ранливи категории граѓани.
- Примерот со тракторот ИМТ 533 претставува модел на добра пракса, комбинирајќи образование, социјална инклузија и економска одржливост. Социјалната пренамена на лесно расиплива стока и примерот со тракторот ИМТ 533 покажуваат стратешки пристап кон социјална инклузија, образование и поддршка на ранливи групи, особено жени земјоделки.
- Соработката со ГИЗ ја зајакнува улогата на граѓанскиот сектор во управувањето со одземен имот.

**IV. ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ - Спроведување на Стратегијата и мониторинг**

**Општа цел**

Континуирано следење на реализацијата на Акцискиот план.

**Посебна цел 4.1 - Координација и мониторинг**
**Мерка 4.1.1 – Национален совет**
**Статус:** 🟠 Делумно реализирано

**Опис на реализацијата:**

Владата на седницата одржана на 9 септември 2025 година донесе Одлука за формирање на Национален совет за финансиски истраги и конфисакција на имот (Службен весник на РСМ бр. 188 од 10.09.2025 година). На ден 02 февруари закажана е прва конститутивна седница. Наредна активност која е  антиципирана е донесување на Деловник.

**Мерка 4.1.2 – Национална комисија**
**Статус:** 🟠 Делумно реализирано

**Опис на реализацијата:**

Владата на седницата одржана на 28 октомври 2025 година, донесе Решение за назначување на претседател, заменик претседател, членови, заменици-членови и секретар на Националната комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025–2028 со Акциски план 2025 – 2026 (Службен весник на РСМ, бр.222 од 30.10.2025 година).

Функционирањето на Националната комисија е условена од конститутивноста на Националниот совет за финансиски истраги и конфискација на имот. Како први активности на Националната комисија се предвидуваат: воспоставување Методологија за следење на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025–2028 со Акциски план 2025 – 2026 и собирање на податоци, електронска евиденција и веб страна.

Следствено, Националната комисија ја продолжува соработката со меѓународните партнери и во месец декември 2025 година има поднесено Барање до UNODC (Канцеларија на Обединети нации за борба со организиран криминал и корупција) за обезбедување поддршка за изработка на Методологија за следење на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025–2028 со Акциски план 2025 – 2026 и прибирање на податоци.

Дополнително, во таргетираниот период членови на Националната комисија активно имаат земено учество на конференции организирани од меѓународни и домашни организации како и во работни групи како што се работната група формирана во Министерството за правда задолжена за подготовка на Измени и дополнување на Законот за конфискација на имот во граѓанска постапка, Закон за кривична постапка, Кривичен законик и други.

**Клучни ризици:**

- Зависност од донаторска поддршка
- Каснење во воспоставување ИТ алатки

**Препораки:**

1. Забрзување на институционализацијата на Советот и Комисијата
2. Обезбедување одржливо финансирање за мониторинг

## Приказ на статистички податоци

***Финансиски истраги по институции за 2024 и 2025 година***

Табела 1. Број на финансиски истраги и опфатени лица

| Институција | Година | Број на спроведени финансиски истраги | Физички лица | Правни лица |
|---|---|---|---|---|
| Царинска управа | 2024 | 5 | 5 | 2 |
| Царинска управа | 2025 | 9 | 16 | 4 |
| Управа за финансиска полиција | 2024 | 10 | 68 | 1 |
| Управа за финансиска полиција | 2025 | 17 | 41 | 25 |
| МВР – Единица за финансиски истраги | 2024 | 2* | 12 | 1 |
| МВР – Единица за финансиски истраги | 2025 | 7** | 59 | 3 |
| ОЈО Скопје | 2024 | 23 предмети | – | – |
| ОЈО ГОКК | 2024 | 11 предмети | 31 | 3 |

*Забелешка:*

* Министерството за внатрешни работи на РСМ, Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал, Сектор за криминалистички истраги, Единица за финансиски истраги во 2024 година има спроведено 2 финансиски истраги паралелно со криминалистичка истрага во која биле опфатени 12 физички лица и 1 правно лице за кои биле поднесени кривични пријави до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и за истите биле доставени и две иницијативи за замрзнување имот. Дополнително, во 2024 година било спроведено финансиско истражување на имот од незаконско потекло за 50 физички лица и 10 правни лица.

** Во 2025 година МВР – Единицата за финансиски истраги има спроведено 6 финансиски истраги паралелно со криминалистичка истрага во која биле опфатени 55 физички лица и 3 правни лица за кои биле поднесени кривични пријави до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и за истите биле доставени и иницијативи за замрзнување на имот. Дополнително, во 2025 година било спроведено финансиско истражување на имот од незаконско потекло за 60 физички лица и 13 правни лица. Во 2025 година Единицата за финансиски истраги има спроведено 1 финансиска истрага во која се опфатени 4 физички лица заедно со Управата за финансиска полиција по раководство на Јавен обвинител од Јавно обвинителство Скопје.

За ОЈО Скопје и ОЈО ГОКК за 2025 година податоците сѐ уште не се достапни.

### *Конфискација на имот и замрзнат имот во 2024*

Табела 2. Детален приказ на вкупна конфискувана вредност за 2024 година – ОЈО ГОКК

| Вкупно конфискувана вредност за 2024 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| КО 64/24 | Чл.273 | 1 физичко лице | -парични средства | 44.799 евра |
| КО 192/15 | чл.353 | 1 правно лице | -парични средства | 166.992.582 денари |
| | чл.273 | | | |
| | чл.279 | | | |
| КО 95/21 | чл.273 | 1 физичко лице | -недвижен имот | 1.920.688 денари |
| | | 1 физичко лице | -невижни и подвижни средства | 4.554.790 денари |
| КО 85/23 | чл.394 | 1 физичко лица | -парични средства | 51.626.637 денари |
| | чл.279-а | | | |
| КО 141/23 | чл.394 | 1 физичко лице | -парични средства | 8.472.629 денари |
| | чл.273 | 1 физичко лице | -парични средства | 26.985.500 денари |
| | чл.279 | 1 физичко лице | -парични средства | 18.000.000 денари<br>5.015.616 денари |
| | | 1 физичко лице | -парични средства | 153.880 денари |
| | | 1 физичко лице | -парични средства | 274.000 денари |
| | | 1 правно лице | -парични средства | 13.559.322 денари<br>2.000.000 денари |
| КО 34/10 | чл.273 | 1 физичко лице | -парични средства | 4.660.942 денари |
| | | | | 29,17 евра |
| | | | | 64,23 австрал. дол |
| | | | | 187,78 швајц. франци |
| | | | | 13.985,87 долари |
| | | | | 3.519,25 евра |
| **Вкупно конфискувана вредност за 2024 година:** | | | | **48.347,42 евра и** |
| | | | | **304.216.586 денари и** |
| | | | | **13.985,87 американски долари** |
| | | | | **и 64,23 австралиски долари и 187,78 швајцарски франци** |

Табела 3. Сумарен приказ на конфискација во 2024 - ОЈО Скопје и ОЈО ГОКК

| Институција | Број на предмети | Вкупна конфискација |
|---|---|---|
| ОЈО Скопје | 19 | 48.387.315 денари |
| ОЈО ГОКК | повеќе предмети | 304.216.586 денари |
| | | 48.347,42 евра |
| | | 13.985,87 УСД |
| | | 64,23 АУД |
| | | 187,78 CHF |

Табела 4. Замрзнат имот кој произлегол од финансиски истраги на ОЈО ГОКК

| Вид на средства | Вредност |
|---|---|
| Парични средства (денари) | 347.306.704 |
| Парични средства (евра) | 140.624,98 |
| Недвижен имот | доминантен дел од износот |

*Забелешка:*

Судскиот совет на Република Северна Македонија ја извести Националната комисија за финансиски истраги и конфискација на имот дека од прибавените официјални податоци од сите основни судови со проширена надлежност на РСМ во врска со број на судски одлуки со кои е изречена мерка за обезбедување и конфискација на имот и имотна корист за периодот од 01.01.2024 до 01.12.2025 година, се констатира дека во судовите од проширена надлежност во РСМ за временскиот период од 01.01.2024 година до 01.12.2025 година изречени се вкупно 281 одлуки со кои е изречена привремена мерка за обезбедување и конфискација на имот и имотна корист.

Табела 5. Замрзнат имот во странство преку Канцеларијата за поврат на имот за 2025 година, по кривичен предмет од ОЈО Битола.

| Вид на замрзнато средство | Вредност / Количина | Валута / Опис | Надлежност |
|---|---|---|---|
| Возила | 660,000 | Евра | ОЈО Битола |
| Парични средства | 1,223,200 | Евра | |
| Парични средства | 1,000 | Швајцарски франци (CHF) | |
| Златни монети | 3 | Парчиња | |
| Златна плочка | 1 | Парче | |

- ## Заклучок

Политичката волја за зајакнување на капацитетите за спроведување финансиски истраги и конфискации на нелегално стекнат имот е темелот врз кој се градат ефикасни напори за борба против корупцијата и криминалот. Потребна е одржлива посветеност, стратешка распределба на ресурсите и подготвеност за надминување на значајни предизвици. Без оваа фундаментална политичка решителност, дури и најсофистицираните правни рамки и институционални дизајни ќе се борат да го постигнат својот наменет ефект.

Првиот Извештај за 2025 година покажува дека имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025–2028 со Акциски план 2025 - 2026 се одвива во услови на значајни институционални и системски ограничувања, но истовремено и со јасни индикации за политичка поддршка, нормативен напредок и постепено градење на одржлива институционална архитектура.

Севкупно, може да се заклучи дека Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025–2028 со Акциски план 2025 – 2026 е концепциски добро поставена, усогласена со европските политики и поддржана на политичко ниво, но нејзиниот реален импакт во 2025 година е ограничен од структурни слабости во институционалните капацитети.

Клучниот предизвик во наредниот период нема да биде понатамошното донесување на закони и стратегии, туку нивната ефективна имплементација преку инвестиции во човечки капитал, дигитализација, меѓуресорска координација, пораст на бројот на финансиски истраги, зголемена вредност на конфискуваниот имот, социјална реупотреба и отчетност.